# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 20 | 23.04.2019 год. |

**ЈЕГУНОВЦЕ, АПРИЛ 2019**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**За прогласување на Заклучок за узвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2019 година**

**Се прогласува** Заклучок за узвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2019 година, што Советот Општина Јегуновце ги донесе на седницата одржана на 19.04.2019 год.

Бр. 09-559/1
23.04.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на дваесетата седница одржана на ден 19.04.2019 год., донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2019 г.**

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2019 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-534/3
19.04.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлука за давање согласност за продолжување на важење на основниот Договор за концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад

**Се прогласува** Одлука за давање согласност за продолжување на важење на основниот Договор за концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад, што Советот Општина Јегуновце ги донесе на седницата одржана на 19.04.2019 год.

Бр. 09-559/2
23.04.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетата седница одржана на ден 19.04.2019 год., донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за продолжување на важење на основниот Договор за концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и основниот Договор за отстапување на користење на специјализирано возило за собирање на смет

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за продолжување на важење:

- на основниот Договор за концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад на територија на Општина Јегуновце, заверен со наш деловоден бр.03-638/1 од 30.04.2015 год.; и
- на основниот Договор за отстапување на користење на специјализирано возило за собирање на смет заверен со наш деловоден бр.03-638/2 од 30.04.2015 год., за што Градоначалникот на општина Јегуновце ќе склучи Анекс Договор кон основните договори од овој член .

### Член 2

Важењето на договорите од член 1 на оваа Одлука се продолжува почнувајќи од 01.05.2019 до окончување на постапката по Јавен повик за доделување на Договор за концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад на територија на Општина Јегуновце, што ќе се објави по завршување на изборот за претседател на Република Македонија и избор на градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-534/4
19.04.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

5.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за започнување на постапка за доделување на концесија

**Се прогласува** Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија , што Советот Општина Јегуновце ги донесе на седницата одржана на 19.04.2019 год.

Бр. 09-559/3
23.04.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.05/02), член 17 став 4 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл.весник на РМ„ бр.06/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетата седница одржана на ден 19.04.2019 год., донесе

# О Д Л У К А
## за започнување на постапка за доделување на концесија

Член 1

Општина Јегуновце ќе започне постапка за доделување на концесија за вршење на јавна услуга, собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад на легална овластена депонија на трошок на концесионерот, во населените места на територија на Општина Јегуновце,според модел приложен кон понудата на избраниот понудувач, по завршување на изборот за претседател на Република Македонија и избор на градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар.

Член 2

Цели кои треба да се остварат за доделување на концесијата се:

- овозможување на добивање на квалитетни услуги за граѓаните на Општина Јегуновце при собирањето, транспортирањето и депонирњето на комуналниот отпад и други видови на неопасен отпад;
- организирање, селектирање и собирање на отпадот (хартија, пластика и сличен отпад) по пунктови, според модел приложен кон понудата на избраниот понудувач;
- два пати годишно (пролет и есен) организирање на собирање и транспортирање на габаритен отпад во кој спаѓаат непотребни работи од домаќинствата на корисниците на услугите, како и собирање на биоразградив - растителен отпад од земјоделско потекло;
- подобрување на заштитата на животната средина.

Член 3

Неопходноста за доделување на концесијата произлегува од фактот што Друштвото за услуги „Чистота„ Јегуновце ДООЕЛ с.Јегуновце Јегуновце, во догледно време не е во можност да го реализира овој проект заради недостаток на финансиски средства.

Член 4

Предмет на концесијата е вршење на јавни услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на територија на Општина Јегуновце.

Основен услов за доделување на концесијата е 4 (четири) години сметано од денот на потпишување на договорот за доделување на концесија.

Член 5

Висината на проценетата вредност на надоместокот за концесијата за 4 години изнесува најмалку 3.840.000,00 (три милиони и осумсточетириесет илјади денари односно најмалку 960.000,00 (девестошеесет илјади) денари на годишно ниво.

Општина Јегуновце и правните субјекти основани од општината (основни училишта, подрачни училишта, библиотека, Друштво за услуги Чистота Јегуновце, детски градинки) и други субјекти што ќе бидат основани од општината, ќе бидат ослободени од плаќање на комунални услуги, односно концесионерот да ги извршува комуналните услуги без надоместок во периодот за кој ќе му биде доделена концесијата.

Член 6

Концесијата се доделува преку јавен повик кој ќе се организира и спроведе како постапка за доделување на концесија со отворен повик, спроведен согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 7

За доделената концесија концесионерот ќе му плаќа на концедентот месечен надоместок во износ кој ќе биде утврден согласно најповолната понуда избрана по спроведениот отворен повик за доделување на концесија.

Член 8

Граѓаните на Општина Јегуновце-корисници на услугите, за извршените услуги ќе му плаќа на концесионерот месечен надоместок за извршената услуга во износ кој не е поголем од досегашниот утврден од страна на Советот.

Член 9

Советот на Општина Јегуновце го овластува Градоначалникот на Општина Јегуновце да го застапува Советот во постапката за доделување на концесијата од член 1 од оваа Одлука, во склучувањето и извршувањето на договорот за концесија.

Член 10

Постапката за доделување на концесија ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија формирана од страна на Градоначалникот на општината, на начин и во рокови пропишани со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија во рок од 15 дена од нејзиното формирање да изготви тендерска документација, а во рок од 8 дена од денот на одобрувањето на тендерската документација од страна на Градоначалникот да го објави огласот за отворен повик.

Член 11

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 30.000,00 ден. (триесет илјади денари) и истиот ќе се уплати на сметка на Буџетот на Општина Јегуновце.

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-534/5
19.04.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2019 г. .......... 1

2. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2019 г. .......... 2

3. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност за продолжување на важење на основниот Договор за концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и основниот Договор за отстапување на користење на специјализирано возило за собирање на смет .......... 3

4. Одлука за давање согласност за продолжување на важење на основниот Договор за концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и основниот Договор за отстапување на користење на специјализирано возило за собирање на смет .......... 4

5. Решение за прогласување на Одлука за започнување на постапка за доделување на концесија .......... 5

6. Одлука за започнување на постапка за доделување на концесија .......... 6